

Славка Динкова (1848 – 19. IV 1869) е културно просфетен деец, прва позната учителка, новинарка и феминистка во Македонија.  Славка го водела првото женско училиште „на нашиот прероден мајчин јазик“ (1866–1868) и објавувала феминистички статии во весникот „Македония“ (1868).Таа со својата дејност оставила силен белег во времето во кое живеела и помогнала за надминување на препреките во однос на женското образование.

Славка Костадинова Динкова е родена во 1850 година во Солун во семејството на истакнатиот преродбеник Константин (Динката) Држилов и неговата сопруга Велика, со потекло од Охрид. Семејството Динкови –Држиловци, кое потекнувало од селото Држилово, Негушко, Егејскиот дел на Македонија, со цел да се спречи грчкото влијание,

во средината на 19 век отвориле книжарница и печатница, како и училиште на народен јазик во Солун. За ова се заслужни браќата Кирјак и Константин Држилович (Динката), татко на Георги и Славка Динкова.

Славка рано започнала да се образува. Учела во грчко училиште, кое го завршила на дванаесет години, а веќе наредната се запишала во француско училиште на милосрдните сестри, кое го завршила за две години. Така покрај грчкиот одлично го владеела и францускиот јазик. Со помош на нејзиниот брат Георги се стекнала и со писменост на мајчин јазик.

Во 1866 година, поттикната од нејзината мајка Велика, Славка го отворила првото македонско женско народно училиште во мајчината куќа во Солун. Таа бесплатно ги обучувала своите ученици, со изучување на „мајчин јазик и грцкиј, со ракоделија“ (мајчин јазик, грчки и везење) Во однос на бројот на ученичките, првата година започнала со една, а завршила со три ученички. Втората година започнала со 13, а завршила со 30 ученички, додека, пак, третата година започнала со 28 ученички. Училиштето ја одржала првата прослава во Солун на празникот Свети Кирил и Методиј во Солун во 1868 година. Испитот за ученички се одржал по „чист македонско-бугарски јазик“.

Поради бесплатното образование, училиштето имало потреба од материјална помош и помош во книги и учебници. Најмногу пари вложило самото семејство Држилович и солунскиот шивачки еснаф. Одредена сума пари дале и некои граѓани од Велес, Битола и од Прилеп, како и самите ученици. По тој повод, Славка објавила благодарници до донаторите во весниците во Цариград.. „Во дописката од Динкова упатена до весникот Македонија, таа му се заблагодарила на  ... г. Д. Х. Узунов, кој кога поминал низ градот, ... го посетил новоотвореното училиште и подарил 25 букварчиња од неговите за да се употребуваат од сиромашни ученици“.

Во тоа време, Славка била единствената македонска учителка која активно се вклучила во преродбенско-просветителските активности на новоформираната македонска интелигенција. Активностите што ги презела таа ја направиле една од првите македонски преведувачки од француски и од грчки јазик, една од првите македонски учителки, прва жена новинар во Македонија и прва позната жена борец за еманципација на жените во Македонија.

Славка Динкова ги објавила своите ставови за образованието и воспитувањето на

девојчињата. Испечатени се на страниците на весникот „Македонија“ во четири броја од 1868 година. Таа подготвувала книга, која се надевала дека ќе биде објавена, со различни мислења, вклучително и нејзините, за образованието на девојчињата. Пишува или преведува од француски педагошки материјали за образованието. Таа се спротивставувала на тезата дека на жените им треба само домашно образование или само основно знаење. Настојувала да го убеди конзервативното општество дека на мажите им требаат разумни жени да се грижат за нив, домот и воспитувањето на децата, па затоа морало да се развие сеопфатен систем за воспитување и образование на девојчињата.

Прераната смрт на Славка Динкова во мај 1869 година ја прекинала работата на училиштето - не работи од летото 1869 година и го одложило образованието на девојки во Солун за една деценија.

(извор:М.Е. Скопје, 2009, стр. 475: https://spektar.edu.mk/sp/wp-content/uploads/2021/06/slavcho-koviloski-slavka-dinkova_s-literary-and-educational-engagement.pdf
)



Подготвил Т.К.